# ХАРИЗМА

женско списание



ЯН-МАРТ 2024
година 29

# СОДРЖИНА

4
ЕТЕ ТАА НИ ТРЕБА

5
СЕКОЈ ДЕН Е НОВА МОЖНОСТ

6
ВКОТВИ ГО ТВОЕТО СРЦЕ ВО БОГ

8
РУТА - ЖЕНИ НА НАДЕЖ

11
ПСАЛМ 121

12
БОГ ГО ИМА ПОСЛЕДНИОТ ЗБОР

14
ШТО НАВИСТИНА МИСЛИ БОГ ЗА ТЕБЕ КАКО ЖЕНА

20
ЖЕНИ ХРИСТИЈАНКИ НА СЕКУЛАРНО РАБОТНО МЕСТО

*Можеби Бог ќе те води по заобиколен пат но сигурно ќе те доведе до целта!*





# ЕТЕ ТАА НИ ТРЕБА..

Убав мој човеку
Молитва се нарекува, ете
таа менува, таа
приближува, и
длабочината на површина
ја излева, ете таа подига,
таа продира и како меч
духот и душата ги
разделува, ете таа
соголува, пресведочува,
зближува, открива!
Молитва ни треба убав мој
човеку, во инстант
животот кој го живееме,
изброjаното време кое го
трошиме, без резерва
продолжуваме, без гориво
денот го почнуваме! Ете
тоа останува... Во
неизвесноста таа се
појавува, во верата гласот
и одекнува, во
безпомошноста со надежта
пристигнува, ете таа нешто
менува, во неа нешто ново
се раѓа, ете таа победува!
Убав мој човеку
Молитва ни треба....!

***Марија Бакиевска***

# Секој ден е нова можност

***„Заради Господовите добрини не сме уништени, Неговите милости никогаш не престануваат. Тие се нови секое утро: Твојата верност е голема!“ П.Еремиин 3:22-23***

Носам фитнес нараквица која брои колку чекори правам дневно. Понекогаш кога шетам низ улиците на мојот град заедно со семејството изминуваме повеќе од 30.000 чекори и го исполнувам дневниот план од 10.000 чекори, но повеќето денови не можам да ја достигнам саканата бројка. Вечерта гледам во уредот и посакувам да сум се обидела малку повеќе. Но, секое утро нараквицата почнува да ги брои моите чекори од нула. Без оглед на тоа колку чекори сум направила претходниот ден - 2.000 или 200.000 - следниот ден започнува одново.

Исто е и со одењето со Бог. Неколку дена сум близу до Него и одам по Неговите стапки. Тие се прекрасни! Но, понекогаш го следам мојот сопствен план и заборавам дека треба да Го следам Него. Добрата работа е што секој нов ден започнувам одново.

Ако сум поминала прекрасен ден со Бог, следниот ден не можам да се опуштам и само да одмарам, бидејќи сè започнува од почеток и имам многу работа да направам за царството Божјо. Кога денот не поминал многу добро, не можеме тоа да го вратиме но ако Бог даде, утрешниот ден ќе почнам одново.

Господи, Ти благодарам што чекориш со нас секој ден. Помогни ни да ги следиме Твоите стапки.

***Секој ден е нова можност да чекориме со Бог.***

***Превод: Ребека Пенева***

# ВКОТВИ ГО ТВОЕТО СРЦЕ ВО БОГ



„Што правев?“ Ова требаше да биде еден од највозбудливите периоди во мојот живот. Наместо тоа, беше еден од најосамените. Само што ја добив мојата прва „вистинска“ работа после факултет, на стотина километри од каде што пораснав. Но, возбудата од тој голем чекор брзо стивна. Имав мал стан без мебел. Не го познавав градот. Не знаев никого. Работата беше интересна, но ме мачеше осаменоста.

Една ноќ седев на подот со грбот наспроти ѕидот. Ја отворив Библијата и застанав на 11-ти стих од Псалм 16 и ветувањето на Бога дека ќе нè исполни. Се молев „Господи, мислев дека ова е вистинската работа за мене, но јас сум толку осамена на ова место. Те молам, исполни ме со Твојата близина.“ Овој вик го повторував со недели. Во некои ноќи чувството на осаменост се смируваше и имав длабоко искуство за присуството на Бога. Останатите ноќи, сè уште се чувствував болно осамено.

Но, додека се навраќав од ноќ во ноќ на овој стих и го складирав во моето срце, Бог постепено ја продлабочи мојата вера. Ја искусив Неговата верност како никогаш порано. И научив дека мојата задача е едноставно да го отворам срцето кон Него... и смирено да го чекам Неговиот одговор, верувајќи во Неговото ветување дека ќе нè исполни со Неговиот Дух.

***Превод: Ребека Пенева***





# Рута

## - ЖЕНИ НА НАДЕЖ

*Знаев дека преминувањето на реката Јордан за да го оставам Моав зад себе ќе ме означи како „странец“ и „страшна Моавка“. Знаев дека ќе имам многу да научам на ова ново место и дека како вдовици нашите животи ќе бидат тешки. Но, никогаш не очекував луѓето од Витлеем да бидат толку далечни и... опасни. Ги чувствувам нивните погледи. Нивното непријателство. Да не бевме толку гладни јас и Ноемина, можеби ќе го навлечев шалот преку глава и ќе останев во сенка.*

*Но, не можев да се вратам кај неа со празни раце. Затоа, му кажав тивка молитва на Јахве, барајќи Негова промисла, Негова заштита.*

*Тој сигурно ме слушна! Бидејќи самото поле до кое несвесно отидов е во сопственост на Вооз, чесен човек кој потекнува од родот на мојот сопруг. Со часови собирав јачмен, постојано внимавајќи на мажите кои би можеле да се обидат да ми наштетат. Срцето ми чукаше од страв кога Вооз ме повлече настрана. Но, потоа ми наложи да работам кај жените што ги ангажираше за жетвата. Ме обви мир.*

*За прв пат по многу денови имам надеж дека јас и Ноемина ќе ја поминеме зимата. И мојата надеж во Бог се зголемува со секој чекор зашто знам дека сум во засолништето на Севишниот.*

Рута Моавката. Вдовица на Малон Израелецот. Посветена снаа на вдовицата родена во Витлеем, Ноемина. Во моментот на носење одлуки кои го менуваат животот, Рута го кажува познатото ветување дека ќе оди таму каде што ќе оди Ноемина, правејќи го народот на Ноемина свој народ и Богот на Ноемина свој Бог (Рута 1:16).

Рута Моавката. Жена која не е позната по нејзиниот углед, личност или дела, Рута е дефинирана според нејзината националност. Таа е „горда Моавка“ (Еремија 48:29), историски презрена од Бог и неговиот народ.

Сепак, наместо да се крие од светот со срам, Рута чекори да најде начин напред за Ноемина и за себе.

Знаејќи дека две жени сами во племенски, патријархален свет имаат многу да се плашат и сè да изгубат, Рута пркосно тргнува по полињата со јачмен за да собира жито, свесна дека израелскиот закон го воспоставува жнеењето како средство за вдовиците да врзат крај со крај.

Вооружена со надеж, таа смета дека ќе најде милост кај дарежливиот земјопоседник (Рута 2:2).

Вооз, чии очи веднаш ја забележаа Моавката во неговите ниви, кога слушна за сè што направила Рута за Ноемина, тој тргнува да ја утврди нејзината безбедност меѓу своите платени работници. И Рута наоѓа повеќе отколку што бараше, вклучително и Бог кој е доверлив и кој е надеж за иднина полна со ветувања и цели.

Инспирирани од зборовите на Рута, „каде што ќе одиш ти, таму ќе дојдам и јас", безброј невести избраа овој дел од приказната на Рута да се рецитира на нивните свадби (1:16).

Таквата чистота на срцето и таквата искреност се истакнува и во нашево време, бидејќи нашата е култура која го воспева тоа „прво гледај си за себе". И така, Рута ни покажува на сите нас еден различен начин на живеење – некој кој верува, сака и се дава себеси за доброто на другите (Филипјаните 2:3-4). Таа ни покажува на најпрактични начини, како да живееме како Исус. Таа покажува како да живееме во светот со постојана надеж во Бог кој секогаш ќе ги задоволува нашите потреби и ќе биде наш штит.

***Превод: Ребека Пенева***



# ПСАЛМ 121

Псалм 121 во лична молитва.

„Господи, очите ми се подигнати нагоре - само Ти си наша помош и штит.
Ти си Бог - Создател на небото и земјата.
Нема невозможни нешта за Тебе!
Те молам, не оставај нѐ без Твојата заштита, зашто ние се потпираме на Тебе – Ти никогаш не спиеш и никогаш не се изморуваш. Ги чуваш оние што Те повикуваат, па затоа и ние нема да се расклатиме!

Господи, те молам, штити го мојот брат и сестра, секогаш биди им оддесно!
Не дозволувај да бидат повредени или оштетени од околностите! Заштити ја нивната душа од секакво зло!

Благослови ги односите во нивните семејства и Твојот мир нека биде во нивниот дом засекогаш!

Направи ја нивната работа успешна, така што Твоето име ќе може да се прослави каде и да одат.

Благословен биди во сѐ денес и секој ден од животот! Амин“

# БОГ ГО ИМА ПОСЛЕДНИОТ ЗБОР

Кога се омажив, мислев дека со сопругот веднаш ќе имаме деца. Тоа не се случи, и болката од неплодноста ме одведе на колена. Јас често викав кон Бог, "До кога?" Знаев дека Бог може да ги промени околностите, но зошто не го правеше тоа?

Чекаш ли на Бог? Прашуваш ли, "уште колку Господе, ќе чекаме пред правдата да завладее во нашиот свет? Пред да се пронајде лек за ракот? Да не бидам повеќе во долгови?"

Пророкот Авакум ги познаваше добро тие чувства. Во 7 век пред Христос, тој викал кон Бог:

***"До кога Господи, ќе повикувам, а Ти не ме слушаш; викам кон Тебе поради насилство, а Ти не ме избавуваш? Зошто ми дозволуваш да гледам злосторства, и да гледам неволји?" (Авакум 1:2-3)***

Тој се молел долго време и се борел да сфати како еден праведен и силен Бог допушта да продолжи злото, неправдата и корупцијата во Јудеа. Да се прашуваше Авакум, Бог веќе одамна требаше да направи нешто околу тоа. Зошто Тој не правеше ништо?

Има денови кога и ние исто така чувствуваме како Бог да не прави ништо. Како Авакум, и ние континуирано Го прашуваме Бог "До кога?"

Сепак, не сме сами. Како и кај Авакум, Бог ги слуша нашите маки. Треба да продолжиме да ги носиме при Него бидејќи Тој се грижи за нас. Бог нè слуша, и во Неговото време, Тој ќе одговори.

Господе, Ти благодарам што ги носиш моите товари. Јас знам дека Ти ги слушаш моите повици и ќе одговориш во согласност со Твојот совршен план и цел.

***Не очајувај поради злото; Бог го има последниот збор.***

***Превод: Ребека Пенева***



# ШТО НАВИСТИНА МИСЛИ БОГ ЗА ТЕБЕ КАКО ЖЕНА

Понекогаш ми се крши срцето да разговарам со жени во црквата кои чувствуваат дека се помалку важни или помалку сакани од нивните машки колеги. Еден ден, една млада жена по име Јан гласно ја изразуваше својата фрустрација.

Седнав на масата за ручек, јадејќи салата и обидувајќи се да ги сварам зборовите на Јан. Нејзините запрепастувачки жолтеникави очи беа затемнети од фрустрација кон Бог, првенствено поради тоа како неа ѝ изгледаше дека Бог ги доживува жените.

„Не го разбирам Бог. Изгледа дека Тој е против жените. Низ Библијата гледам како Бог ги користел мажите на моќни начини. Авраам, Мојсеј, Давид, и многу други; секогаш се мажи. И полигамијата. Како може Бог да го дозволи тоа? Денес има толку многу злоупотреба на жените. Каде е Бог во сето тоа? Има толку многу нееднаквости и неправди помеѓу тоа како се третираат мажите и како се третираат жените. Мислам дека е факт дека Бог едноставно не ги сака жените“.

Имавме долг разговор и го споделив со Јан она што го открив на моето патување низ животот, за да одговорам на некои од истите прашања.

Додека ја проучував Библијата, бев импресионирана од радикалниот однос на Исус со жените чии животи се вкрстуваа со Неговите во текот на тие триесет и три години додека одеше на оваа земја. Тој ги премина општествените, политичките, расните и родовите граници создадени од човекот и им се обраќаше на жените со должна почит кон Божјите созданија според образот свој. Исус ги прекрши правилата создадени од човекот, за да ги ослободи жените. Секој пат кога Исус ќе наидеше на жена, Тој прекршуваше едно од општествените правила во неговото време.

Бог ги создаде жените според образот Свој (Битие 1:27). Но, многу нешта се сменија од времето во Рајската градина до времето во Гетсеманската градина. Сè до моментот кога Исус го извика својот прв плач во Витлеем, жените живееја во сенка.



- ***Жените не се броеја како луѓе (примерот со хранењето на 5.000 мажи)***
- ***Жените не можеа да зборуваат со мажите јавно.***
- ***На жените не им беше дозволено да слават заедно со мажите.***
- ***Жените не можеа да седат со мажите додека рабинот поучуваше.***
- ***Жените не можеа да сведочат на суд.***
- ***Жените беа разведувани од која било причина.***
- ***Жените немаа законски права.***

Но, Исус дојде да го промени сето тоа. Тој не зборуваше за неправдата; Тој едноставно продолжи да ја извршува својата служба игнорирајќи ги правилата кои беа создадени од човекот.

Исус поучуваше на места каде што беа присутни жени: на ридовите, покрај улиците, на пазарите, покрај реките, покрај бунари и во женскиот дел од храмот.





- Исус зборуваше со Самарјанката кај бунарот. Тоа беше најдолгиот разговор што го имал со која било личност. Таа беше првата личност на која ѝ кажа дека Тој е Месијата. (Јован 4:1-30)
- Исус ја пречека Марија од Витанија во училницата за да седне пред Неговите нозе и да се поучува. (Лука 10:38-42)
- Исус ја покани Марија Магдалена да се придружи на неговиот тим за служба. (Лука 8:1-3)
- Исус ја охрабри жената која беше излечена од 12-годишното крварење да сведочи пред сите луѓе што направил Бог за неа. (Лука 8:42-48)
- Исус ја пушти грешната жена во соба полна со мажи додека таа му ги помаза нозете со мирис. (Лука 7:36-50)
- Исус ѝ ја довери на Марија Магдалена најважната порака во целата историја кога ѝ кажа да оди и да им каже на апостолите дека Тој воскресна од мртвите. (Јован 20:11-18)

Исус беше подготвен да ја ризикува својата репутација за да ја спаси нивната. Тој ги избави жените од болести и ги ослободи од духовната темнина. Ги зеде плашливите и заборавените и ги преобрази во верни и вечно запаметени. „Вистина ви велам, рече Тој, каде и да биде проповедано ова Евангелие, по цел свет ќе се прикажува тоа што го направи таа, за нејзин спомен.“ (Матеј 26:13)



И сега тоа ме носи кај тебе и кај мене. Никогаш драга, не се сомневај во својата вредност како жена. Ти беше Божјото големо финале на целото создание. Штом ја обликуваше жената, Тој заврши!

Павле напишал: Нема веќе ни Јудејци, ни Елини, ни роб, ни слободен; нема машко – женско; зашто сите вие сте едно во Христос Исус.“ (Галатјаните 3:28). Никогаш не си помалку вредна како жена. Исус бил подготвен да ги прекрши правилата за да го докаже тоа.

***Небесен Татко, јас сум толку благодарна што ме цениш како жена. Ти благодарам за сѐ што направи Исус за да покаже чест и почит кон жените во многу мрачно време во историјата. Помогни ми никогаш да не се сомневам дека Ти ме обликуваше со цел и план - да бидам Твој лик. Во Исусово име, Амин.***

Како се чувствувате кога знаете дека Исус ги прекршил културните правила за да им оддаде почит на жените, и со тоа да ви даде чест?

***Шерон Цејнс***

На луѓето не им треба дефиниција за христијанскиот живот, туку пример!



# Жени христијанки на секуларно работно место

Откако го завршив факултетот, почнав да работам во компанија која обезбедува консултантски услуги на владини организации. Сè уште работам за оваа компанија и конечно се чувствувам удобно во мојата работна средина. Но, главната работа на која сè уште не се навикнав е световноста на моето работно место. Иако не ги познавам многу добро моите соработници, забележав дека тие имаат многу поинаков начин на живот од мојот. Ние не споделуваме исти вредности или приоритети, што го отежнува поврзувањето со нив. Меѓутоа, во текот на изминатата година помината на секуларно работно место, научив неколку непроценливи лекции кои се надевам дека ќе ве охрабрат додека се наоѓате на вашите работни места.

## ПОТСЕТУВАЊА ЗА ХРИСТИЈАНКИТЕ НА СЕКУЛАРНО РАБОТНО МЕСТО

### *1. Искористете ја оваа работа како можност.*

Како верници, во нас живее Светиот Дух. Бог е со нас каде и да одиме, вклучувајќи ги и нашите работни места. Тој ги знае предизвиците и искушенијата што се присутни на секуларното работно место, но ве поставил таму со причина. Размислете зошто сте поставени на вашето работно место и како можете да ја исполните вашата цел таму. Павле ги охрабрил Ефесјаните пишувајќи:

***„Вие некогаш бевте темнина, а сега сте светлина во Господ: живејте како деца на светлината! Зашто плодот на светлината се состои во сè што е добро, праведно и вистинито – одлучете се за она што Му е мило на Бога! Не учествувајте во бесплодните дела на темнината, туку изобличувајте ги! А сè што е изобличено, светлината го прави јавно; бидејќи сè што е јавно, светлина е. Па така, внимавајте добро како живеете! Не како безумни, туку како мудри; ползувајте го времето, зашто дните се лукави. (Ефесјаните: 5:8–11,13,15–16).***



## 2. Бидете постојани.

Нехристијаните можат да прават добри работи, пример да покажат љубезност или да подадат рака за помош. Меѓутоа, како верници, мораме да ги следиме нашите убедувања постојано, не само кога се чувствуваме така. Лично за мене, тоа значи дека не можам да пијам алкохол со моите соработници. Господ ми го даде ова убедување и морам да се држам до него. На секуларно работно место, вашите соработници можат да го набљудуваат вашето добро и лошо однесување. И, за жал, непостојаноста може да биде голем пресврт.

***Павле им напишал на Колосјаните: „Спрема надворешните однесувајте се благоразумно,ползувајќи го времето! Зборот ваш секогаш да биде благодатен, зачинет со сол, за да знаете како треба на секого да му одговарате!“ (Колосјаните 4:5-6)***

## 3. Останете поврзани со другите верници.

Лесно е да се чувствувате осамено на секуларното работно место бидејќи е полно со луѓе чии животни избори се толку различни од нашите. Различно размислуваат, поинаку зборуваат и поинаку дејствуваат. Може да биде тешко да се поврзете со нив, што го отежнува создавањето односи со нив. Токму затоа мораме да му дадеме приоритет на времето што го поминуваме со другите верници. Бидејќи нема многу христијани на моето работно место, мене ми е важно да поминувам време со христијани надвор од моето работно место. После долг ден или долга недела на работа, не сакам секогаш да бидам со луѓе, но таа врска со другите верници е токму она што ми треба.

***Павле го истакнал Христовото тело кога напишал: „Туку со љубов држејќи се за вистината во секој поглед да растеме во Оној, Кој е глава, Христос. Со Него целото тело е составено и склопено и сврзано преку сите дарувани врски, при дејството на секој дел, поради силите негови, нараснува за да се изградува во љубов.“ (Ефесјани 4:15-16)***



### *4. Побарајте сила од Бог.*

Искрено, овде треба да го земам сопствениот совет, бидејќи заборавам да барам од Бог да ме зајакне додека сум на моето секуларно работно место. Честопати толку многу се фокусираме само да го поминеме работниот ден, што занемаруваме да бараме од Бог да нè зајакне додека го правиме тоа. Но, Тој сака да ги охрабрува нашите срца и секогаш е добро време да Го замолиме да го направи токму тоа. Може да употреби молитва, Библијата, славење, други христијани и други начини за да го обезбеди охрабрувањето што ви треба за вашето секуларно работно место.

***Павле во своето писмо до Солунјаните напишал: „А сам Господ наш, Исус Христос, и Бог и Отец наш, Кој нè возљуби и преку благодатта Своја ни даде вечна утеха и добра надеж, нека ги утеши срцата ваши и да ве утврди во секое слово и добро дело!“*** **(2 Солунјаните 2:16–17).**

## *5. Запомнете дека имате опција да заминете.*

Јас всушност бев на друго работно место четири месеци помеѓу времето кога дипломирав на колеџ и времето кога ја добив сегашната работа, но тие четири месеци беа ужасни поради токсичната работна средина. Немав баш „работно место“, бидејќи работев од далечина поголемиот дел од тие четири месеци. Сепак, мојата виртуелна работна средина се покажа како доста токсична - навистина страшна. Тогаш знаев дека морам да се откажам. Во рок од една недела по напуштањето на таа работа, Бог ми обезбеди нова работа (која сѐ уште ја имам). Преку тоа искуство, научив дека е во ред да не се остане на едно исто место. Во ред е да не се мачите низ токсичната работна средина секој ден. Бидете отворени за Божјото водство за да останете или да ја напуштите вашата сегашна работа - бидејќи можете да бидете светлина каде и да ве води.

***Исус поучувал: „Вие сте солта на земјата. Но, ако солта го изгуби вкусот, со што ќе се соли? Таа веќе не е за ништо, освен да се фрли надвор и изгази од луѓето... Така треба да свети пред луѓето и вашата светлина, за да ги видат вашите добри дела и да Го прославаат вашиот Отец небесен!“ (Матеј 5:13,16).***



*Се надевам дека овие потсетувања ве охрабруваат додека се наоѓате на вашето секуларно работно место. Од лично искуство знам колку е тешко да се работи во средина каде што Исус не се прославува. Сепак, знам и од лично искуство дека вашето работно место има многу уникатни можности да ги насочите нехристијаните кон Христос. Со водството од Светиот Дух, верувам дека можеме да функционираме на нашите секуларни работни места со благодат и сила.*

*Грејс МекКреди*






- Илустрација на Ребека Пенева

# Белешки



Списанието е достапно онлајн на www.emc.mk
Годишна претплата: 200 ден.

Издава: ЕМЦ во Македонија
Уредник: Невенка Гиневска
Дебарца 9, 1000 Скопје
+389 75 200 012 / literatura@emc.mk